


# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 72,
МЕСЕЦ
АВГУСТ 2025

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Во новиот информатор ќе пронајдете:
Најнови проекти, настани,
образование и друго.
Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ОСВЕН СО АКТИВНОСТИ ЗА МУЛЧИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА, АКТИВНО РАБОТИ И НА ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНАТА ВО СЕЛСКИТЕ СРЕДИНИ. ВО ТЕК Е ПЕРЕЊЕ НА УЛИЦИТЕ ВО СЕЛАТА ГОРНА БОШАВА, ДОЛНА БОШАВА И КРЊЕВО, КАКО ДЕЛ ОД ПОШИРОКИОТ ПЛАН ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЖИВОТ И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПОДКОЖУВСКИОТ РЕГИОН.ОВИЕ АКТИВНОСТИ ЌЕ ПРОДОЛЖАТ И ВО ДРУГИТЕ СЕЛА ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД, ПАРАЛЕЛНО СО ГЕНЕРАЛНОТО ПЕРЕЊЕ НА УЛИЦИТЕ НИЗ ГРАДОТ, КОЕ Е ВЕЌЕ ЗАПОЧНАТО И АКТИВНО СЕ РЕАЛИЗИРА.
КАКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ,„КОМУНАЛЕЦ“ ОСТАНУВА ПОСВЕТЕНО НА КОНТИНУИРАНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ХИГИЕНА И ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ – И ВО ГРАДОТ И ВО СЕЛСКИТЕ СРЕДИНИ.





СЕ ИЗВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „МИШО ШКАРТОВ“ НА ПОВРШИНА ОД 1.260 М2, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ИЗГРАДЕН ПОТПОРЕН ЅИД, А УЛИЦАТА ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАНА И ПОРАБЕНА. ОВАА АКТИВНОСТ Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА.





СЕ СПРОВЕДЕ ВТОРОТО АВИОНСКО ТРЕТИРАЊЕ ПРОТИВ КОМАРЦИ ЗА 2025 ГОДИНА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ТРЕТИРАЊЕТО ЌЕ ГО ИЗВРШИ ФИРМАТА ДВТ „АЕРОКЛУБ СКОПЈЕ“ ДОО ЧУЧЕР САНДЕВО. СЕ ИЗВЕСТУВААТ СИТЕ ГРАЃАНИ, КАКО И ПЧЕЛАРИ ДЕКА ВО ПЕРИОДОТ НА ТРЕТИРАЊЕ И 3-4 ЧАСА ПОДОЦНА ДА ГИ ЗАТВОРАТ КОШНИЦИТЕ-САНДАЦИТЕ СО ПЧЕЛИ, ЗАРАДИ МОЖНОСТА ОД ВЛИЈАНИЕ НА СРЕДСТВОТО СО КОЕ СЕ ВРШИ ТРЕТИРАЊЕТО ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА НА ПЧЕЛНИТЕ СЕМЕЈСТВА. ВО СЛУЧАЈ НА ВРНЕЖИ, ПРСКАЊЕТО ЌЕ БИДЕ ОДЛОЖЕНО ЗА ДРУГ ДЕН.
СО ТРЕТИРАЊЕТО ЌЕ БИДЕ ОПФАТЕНО ТЕЧЕНИЕТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ОД С. МАРЕНА ЦЕЛОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ, С. ВАТАША ПА СЕ ДО БРАНА МОКЛИШТЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ, ПОКРАЈ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОЛЕМИ ПРОЕКТИ И РЕДОВНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ КАКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ, УСПЕШНО ПРОДОЛЖУВА СО ОДРЖУВАЊЕ НА КОНТИНУИТЕТ И ВО РЕДОВНОТО ЧИСТЕЊЕ НА АТМОСФЕРСКИТЕ СЛИВНИЦИ И РЕШЕТКИ НА СИТЕ КРИТИЧНИ ЛОКАЦИИ.

ВО МОМЕНТОТ АКТИВНОСТИ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА РЕШЕТКИТЕ ОД АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА ПРОДОЛЖУВААТ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ, ОСОБЕНО ТАМУ КАДЕ ШТО ГРАЃАНИТЕ ПРИЈАВИЛЕ ПРОБЛЕМИ СО НЕФУНКЦИОНАЛНИ СЛИВНИЦИ, ПРЕКУ КОЛ-ЦЕНТАРОТ И „МОЈ ОПШТИНАР“.





СПРОВЕДЕНО ВТОРОТО АВИОНСКО ТРЕТИРАЊЕ ПРОТИВ КОМАРЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ТРЕТИРАЊЕТО ГО ИЗВРШИ ФИРМАТА ДВТ „АЕРОКЛУБ СКОПЈЕ“ ДОО ЧУЧЕР САНДЕВО. СО ИСТОТО БЕШЕ ОПФАТЕНО ТЕЧЕНИЕТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ОД С. МАРЕНА ЦЕЛОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ, С. ВАТАША ПА СЕ ДО БРАНА МОКЛИШТЕ.





ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СРЕДИШНИ И РАБНИ ЛИНИИ ОД СТРАНА НА ЈП МАКЕДОНИЈА ПАТ НА РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА:

- КАВАДАРЦИ – НЕГОТИНО
- КАВАДАРЦИ – МОТЕЛ ДРЕНОВО
- КАВАДАРЦИ – МУШОВ ГРОБ

ОВИЕ АКТИВНОСТИ СЕ ПРЕЗЕМЕНИ СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ВО СООБРАЌАЈОТ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРЕГЛЕДНОСТА НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НОВО КАТЧЕ ЗА ИГРА ВО НАШИОТ ГРАД!
ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА УЛИЦАТА „РАЈКО ЖИНЗИФОВ"
ПОКРАЈ ПОСТАВЕНИТЕ ШАРЕНИ И БЕЗБЕДНИ РЕКВИЗИТИ ЗА НАЈМЛАДИТЕ, СЕ ПОСТАВИ И ОГРАДА, ПО ШТО ЌЕ СЕ ПОСТАВИ ГУМЕНА ПОДЛОГА, КЛУПИ И КОРПИ, СЕ ШТО ИМ ТРЕБА НА ДЕЦАТА ЗА БЕЗГРИЖНА И ВЕСЕЛА ИГРА!
ОВА Е САМО ЕДНО ОД МНОГУТЕ ИГРАЛИШТА ШТО ГИ УРЕДУВА НАШАТА ОПШТИНА – ЗАТОА ШТО ДЕЦАТА ЗАСЛУЖУВААТ ПРОСТОР ЗА ИГРА, СМЕА И СРЕЌНИ СПОМЕНИ
РАБОТИТЕ ГИ ИЗВЕДУВА ФИРМАТА ТЕРАКОТА ОД ПРИЛЕП.





ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗАРАДИ ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ НА НОВИОТ КРУЖЕН ТЕК НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР





ПОСТАВУВАЊЕ АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СЕЛО СОПОТ
ВО ТЕК СЕ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ ЗА ИЗГРАДБА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СЕЛО СОПОТ, СО ПОСТАВУВАЊЕ НА КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ СО ДИЈАМЕТАР Ф500 ВО ДОЛЖИНА ОД 500 МЕТРИ.
ОВОЈ ПРОЕКТ Е ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПРЕДВИДЕНА ВО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2025 ГОДИНА.
ИЗВЕДБАТА НА РАБОТИТЕ ЈА ВРШИ ФИРМАТА ИНЖИНЕРИНГ ГРУП ОД СЕЛО ЖЕЛИНО.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРЕД И ПОТОА
НОВИОТ ПАРК „СТРАШО ПИНЏУР" КОЈ СЕ НАОЃА ВО РАМКИТЕ НА СОЗШУ "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" НА ПОВРШИНА ОД 14000 М2, СО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД 9.870.000,ОО ДЕНАРИ.
ПРИ ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ ПАРК ВО ЦЕЛОСТ Е ОПФАТЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИТЕ ИГРАЛИШТА - РАКОМЕТНО И КОШАРКАРСКО ИГРАЛИШТЕ СО ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 1500М2, КОМПЛЕТ СО КОНСТРУКЦИЈА ЗА КОШЕВИ И ГОЛ, ПОСТАВУВАЊЕ НА ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ И УРБАНА ОПРЕМА. ЌЕ СЕ НАПРАВИ ПЕШАЧКА ВРСКА СО КЕЈОТ КОЈ Е ВО ПООДМИНАТА ФАЗА НА ИЗГРАДБА И СО ТОА ГРАЃАНИТЕ ЌЕ ДОБИЈАТ КОМПЛЕТНА ПЕШАЧКА ЗОНА И РЕКРЕАТИВЕН ДЕЛ.





НОВИОТ ЦЕНТАР ВО КАВАДАРЦИ ДОЛГО ВРЕМЕ БЕШЕ СОСЕМА ИСТ ПРОСТОР, БЕЗ МНОГУ ПРОМЕНИ, НО ВО ПОСЛЕДНИТЕ ГОДИНИ СЕ СЛУЧУВА ВИСТИНСКА ТРАНСФОРМАЦИЈА КОЈА ГО ОПРАВДУВА ИМЕТО, НОВ, ЖИВ И ДИНАМИЧЕН ЦЕНТАР. КАВАДАРЦИ РАСТЕ, ЕКОНОМСКИ СЕ РАЗВИВА, И ГОРДО МОЖЕМЕ ДА КАЖЕМЕ ДЕКА ИМАМЕ ЕДНА ОД НАЈДОБРИТЕ ИНФРАСТРУКТУРИ ВО РЕГИОНОТ.

ВО ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ ОД СРЕДИНАТА НА 80 ТЕ ГОДИНИ, ИЗГЛЕДОТ ГО НАРУШУВАА НЕДОВРШЕНИ ГРАДБИ БЕЗ НИКАКВА ФУНКЦИОНАЛНОСТ. ЕДНА ОД НИВ, ПОЗНАТАТА „ПИОНЕРСКИ" ЗГРАДА, НАСКОРО ЌЕ ДОБИЕ НОВ ЛИК, ЌЕ ПРЕРАСНЕ ВО СОВРЕМЕН ПРОСТОР СО ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ, ШТО ЌЕ ГО НАПРАВИ ОВА МЕСТО УШТЕ ПОЗНАЧАЈНО И АТРАКТИВНО.

ОД ОВОЈ ОБЈЕКТ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЌЕ ОДВОИ 600 МЕТРИ КВАДРАТНИ ЗА НОВИ АДМИНИСТРАТИВНИ КАНЦЕЛАРИИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП КОМУНАЛЕЦ. ПО ПОВЕЌЕ ОД 50 ГОДИНИ ВО НЕРЕНОВИРАНИ ПОСТОЕЧКИ КАНЦЕЛАРИИ, КОНЕЧНО СО ОВАА ПРЕНАМЕНА ЌЕ ДОБИЕМЕ СОВРЕМЕН ПРОСТОР КОЈ ЌЕ НУДИ ПОГОЛЕМА ДОСТАПНОСТ ЗА СИТЕ КОРИСНИЦИ НА УСЛУГИТЕ НА ЈП КОМУНАЛЕЦ.

СО ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ И НА ОБЈЕКТОТ „МЛАДИНСКИ" ОВОЈ ДЕЛ ОД КАВАДАРЦИ ЌЕ СТАНЕ ПРИВЛЕЧНА ЗОНА, КАКО ЗА ЖИВЕЕЊЕ ПОРАДИ ОДЛИЧНАТА ЛОКАЦИЈА, ТАКА И ЗА РАЗВОЈ НА БИЗНИСОТ.
ЗНАЧАЈНИ ЧЕКОРИ КОИ ЗАЕДНО ГО ПРАВАТ КАВАДАРЦИ ПОДОБРО МЕСТО ЗА СИТЕ НАС

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

- ШЕСТ ПОЖАРНИКАРИ И ДВЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ВОЗИЛА ОД ТППЕ КАВАДАРЦИ, ПО БАРАЊЕ НА КРИЗНИОТ ШТАБ, ТРГНАА НА ИСПОМОШ ВО ПОЖАРОТ КОЈ ГО ЗАФАТИ ЛОВИШТЕТО ЈАСЕН. ВО ОВИЕ ТЕШКИ МИГОВИ, БРЗАТА РЕАКЦИЈА И ПОСВЕТЕНОСТ СЕ ОД ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗАТА И ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ НА ГРАЃАНИТЕ.

СЕ РЕАЛИЗИРА УШТЕ ЕДНА ФАЗА ОД ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА.

ВО НАСЕЛБАТА МОКЛИШТЕ СЕ ГРАДИ ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА СО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 6,4 КИЛОМЕТРИ, КАКО И РЕЗЕРВОАР СО КАПАЦИТЕТ ОД 150 М3, СО ШТО ЌЕ СЕ ОБЕЗБЕДИ ПОСТОЈАН И КВАЛИТЕТЕН ВОДОСНАБДИТЕЛЕН И КАНАЛИЗАЦИОНЕН СИСТЕМ ЗА ЛОКАЛНОТО НАСЕЛЕНИЕ.





ВО ТЕК СЕ АКТИВНОСТИ НА МАКЕДОНИЈА ПАТ, НА ПАТНИТЕ ПРАВЦИ КАВАДАРЦИ – НЕГОТИНО, КАВАДАРЦИ – РОСОМАН, КАВАДАРЦИ – ДРЕНОВО И КАВАДАРЦИ – МРЕЖИЧКО. СЕ РАБОТИ НА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА, ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СРЕДНА ЛИНИЈА И РАБНИ ЛИНИИ КОИ ЗНАЧИТЕЛНО ЌЕ ЈА ПОДОБРАТ БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ОВИЕ ПАТНИ ПРАВЦИ. ОВА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ ЌЕ СЕ ВРШИ РЕДОВНО , ШТО ДО СЕГА НЕ БЕШЕ ПРАКСА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

МАКЕДОНИЈА ПАТ ВО СОРАБОТКА И СО ОДОБРЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД ЈЛДП ВО ВИСИНА ОД 60 МИЛИОНИ ДЕНАРИ, ВРШИ КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТЕН ПРАВЕЦ МУШОВ ГРОБ – КОНОПИШТЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 6,5 КИЛОМЕТРИ. ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВ АСФАЛТ А ПРЕТХОДНО ВО СОРАБОТКА СО ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИТЕ КОМПАНИИ КОЖУВЧАНКА И КОДИНГ, СО НИВНА МЕХАНИЗАЦИЈА СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА БАНКИНИ, ЧИСТЕЊЕ НА КАНАВКИ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКИ ОДВОДИ.
ПО ДОЛГИ 30 ГОДИНИ ОВА Е ПРВА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОВОЈ ПАТЕН ПРАВЕЦ





ПОПЛОЧУВАЊЕ ВО С.ВОЗАРЦИ. ОВИЕ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ СЕ ДЕЛ ОД ДОГОВОР КОЈ ОПФАЌА ПОПЛОЧУВАЊЕ ВО ПОВЕЌЕ РУРАЛНИ СРЕДИНИ. СЕ ПОПЛОЧУВА ВО СКЛОП НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА , КАКО И НА ПАТОТ КОН ГРОБИШТАТА. СЕ ПОПЛОЧУВА НА ПОВРШИНА ОД 600 МЕТРИ КВАДРАТНИ А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.





ПРОДОЛЖУВА КРПЕЊЕТО НА УДАРНИ ДУПКИ И ПРОКОПИ ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО КАВАДАРЦИ СО ШТО ЌЕ БИДАТ САНИРАНИ ОШТЕТУВАЊАТА НА КОЛОВОЗИТЕ НА УЛИЦИТЕ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ПРОДОЛЖУВА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ЕЛАСТИЧНА ЗАШТИТНА ОГРАДА НА ВЕЛОСИПЕДСКО ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА НА ПАТОТ МАРЕНА – ГЛИШИЌ, СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ.
ОВОЈ ПРОЕКТ Е ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ,ТППЕ КАВАДАРЦИ И Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.



МУЛЧИРАЊЕ – ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ОД СТРАНА НА СЛУЖБИ НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ. СЕ МУЛЧИРААТ ПАТНИТЕ ПРАВЦИ КОН СЕЛАТА ДРЕНОВО, МАРЕНА И СОПОТ А ВО СЛЕДНИТЕ ДЕНОВИ И НА ПРИСТАПНИТЕ ПАТИШТА КОН КАВАДАРЦИ.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





ВО АТАРОТ НА СЕЛО ДЕБРИШТЕ ИЗБИ ПОЖАР КОЈ БЕШЕ ПОДМЕТНАТ НА ДВЕ РАЗЛИЧНИ МЕСТА И ПРОДОЛЖИ СО ШИРЕЊЕ НА СИТЕ РИДОВИ ВО ОКОЛИНАТА. ОПОЖАРЕНА БЕШЕ ПОВРШИНА ОД ПРИБЛИЖНО 20 ХЕКТАРИ.НА ТЕРЕН ИНТЕРВЕНИРАА 12 ПОЖАРНИКАРИ ОД ТППЕ КАВАДАРЦИ СО СЛЕДНАТА МЕХАНИЗАЦИЈА: 2 „ПИНЦ“ ВОЗИЛА, 2 ТЕРЕНСКИ ЏИПА СО ПУМПИ ЗА ВОДА И 1 „ФАП“.
ПОЖАРОТ СЕ ГАСНЕШЕ ВО ПЕРИОД ОД 15:00 ДО 21:00 ЧАСОТ И БЕШЕ ЦЕЛОСНО ЛОКАЛИЗИРАН СО СОПСТВЕНИ СИЛИ И СРЕДСТВА, БЕЗ ПОТРЕБА ОД АНГАЖИРАЊЕ НА ВОЗДУШНИ ИЛИ ДОПОЛНИТЕЛНИ СИЛИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ СПРОВЕДЕ АКЦИЈА ЗА СОБИРАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД, СЕЛЕКТИРАН ОД СТРАНА НА ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И СЛУЖБИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ЕЛЕКТРОНСКИОТ ОТПАД, КОЈ Е НЕФУНКЦИОНАЛЕН И РАСИПАН, НАМЕСТО ДА ЗАВРШИ НА ГРАДСКАТА ДЕПОНИЈА, СЕ НАОЃА НА СООДВЕТНОТО МЕСТО КАДЕ ШТО ПРОДОЛЖУВА ПРОЦЕСОТ НА НЕГОВАТА РЕЦИКЛАЖА.
ОВА ПРЕТСТАВУВА САМО ПРВ ЧЕКОР КОН ПРАВИЛНО УПРАВУВАЊЕ СО СИТЕ ВИДОВИ ОТПАД. АКЦИЈАТА ЌЕ ПРОДОЛЖИ И ОД ПОЧЕТОКОТ НА НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА, КОГА СИТЕ УЧЕНИЦИ КОИ ДОМА ПОСЕДУВААТ НЕФУНКЦИОНАЛЕН ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД ЌЕ МОЖАТ ДА ГО ДЕПОНИРААТ ВО ВЕЌЕ ПОСТАВЕНИТЕ КОНТЕЈНЕРИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД ВО СИТЕ ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ.
СЕТО ОВА СЕ РЕАЛИЗИРА СО КОЛЕКТИВНИОТ ПОСТАПУВАЧ „НУЛА ОТПАД", СО КОЈ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИМА СКЛУЧЕНО ДОГОВОР ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА.





ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ОБЈЕКТ ВО СЕЛО ДРЕНОВО

ВО ТЕК Е ИЗГРАДБАТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКИОТ ОБЈЕКТ ВО СЕЛО ДРЕНОВО НА ПОВРШИНА ОД 530М2, ОД КОИ САМО ЗА СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ 360М2, ДОДЕКА ОСТАНАТИОТ ДЕЛ ЌЕ БИДЕ НАМЕНЕТ ЗА СОБЛЕКУВАЛНИ, ТОАЛЕТИ И ЕДНА ДЕЛОВНА ПРОСТОРИЈА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ДРЕНОВО.
ИНВЕСТИЦИЈА ВО ВИСИНА ОД 30 МИЛИОНИ ДЕНАРИ Е НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.





# НАСТАНИ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ СО МИНИСТЕРОТ ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА СТЕФАН АНДОНОВСКИ, ПРИСУСТВУВАА НА ОТВОРАЊЕТО НА АДМИНИСТРАТИВНАТА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ВО ОВАА КАНЦЕЛАРИЈА, ГРАЃАНИТЕ ЌЕ МОЖАТ ДА АПЛИЦИРААТ ЗА ПОВЕЌЕ ОД 120 Е-УСЛУГИ КОИ СЕ ДОСТАПНИ ПРЕКУ НАЦИОНАЛНИОТ ПОРТАЛ НА МИНИСТЕРСТВОТО. ВРАБОТЕНИТЕ ОД КАНЦЕЛАРИЈАТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА ЌЕ ИМ ОВОЗМОЖАТ ПОСРЕДУВАЊЕ И ПОМОШ ПРИ АПЛИЦИРАЊЕТО. СО ОВАА КАНЦЕЛАРИЈА СЕ ОВОЗМОЖУВА ДОБИВАЊЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ НА ЕДНО МЕСТО — БРЗО, ЕФИКАСНО И ДОСТАПНО.

ПРЕКУ ИСТИОТ ПОРТАЛ ЌЕ СЕ ВРШИ И АПЛИЦИРАЊЕТО ЗА СТУДЕНТСКИТЕ ВАУЧЕРИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ УРЕДИ, СОГЛАСНО НОВОУСВОЕНИОТ ЗАКОН ВО СОБРАНИЕТО. СО ТОА, СЕКОЈ СТУДЕНТ ЌЕ ИМА МОЖНОСТ ДА АПЛИЦИРА НА ЕДНОСТАВЕН И ДИГИТАЛЕН НАЧИН.

ОВАА КАНЦЕЛАРИЈА ПРЕТСТАВУВА ЗНАЧАЕН ЧЕКОР КОН МОДЕРНА, ДИГИТАЛИЗИРАНА И ПОЕФИКАСНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА — ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ!





ИЗГРАДБА НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ВОН СЕМЕЈНА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА СТАРИ ЛИЦА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ!

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Д-Р СТОЈАНЧО РАМОВ СО МИНИСТЕРОТ ФАТМИР ЛИМАНИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ГО ПОТПИШАА ДОГОВОРОТ ЗА ИЗГРАДБА НА СТАРСКИ ДОМ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ОБЈЕКТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, А СТОПАНИСУВАЊЕТО ЌЕ БИДЕ ЗАЕДНИЧКО СО МИНИСТЕРСТВОТО. ПО ОВОЈ ДОГОВОР СЛЕДУВА ТЕНДЕРСКА ПОСТАПКА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО И ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ.

ОВОЈ ДОМ ЌЕ РАСПОЛАГА СО КАПАЦИТЕТ ОД 55 ЛЕГЛА, СОВРЕМЕНО УРЕДЕНИ И ОПРЕМЕНИ СО СИТЕ НЕОПХОДНИ УСЛОВИ ЗА ДОСТОИНСТВЕН ЖИВОТ. ЛОКАЦИЈАТА НА ОБЈЕКТОТ Е ВНИМАТЕЛНО ИЗБРАНА – ВЕДНАШ ДО СПОМЕНИКОТ НА КИРО КРСТЕВ, ВО БЛИЗИНА НА ПАРКОТ И СЛУЖБАТА ЗА ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ, ШТО ЌЕ ОБЕЗБЕДИ ПРИСТАПНОСТ И МИРНА ОКОЛИНА. ЦЕНАТА ЗА ПРЕСТОЈ ЌЕ БИДЕ РЕГУЛИРАНА ОД НАДЛЕЖНОТО МИНИСТЕРСТВО, СО МИНИМАЛЕН НАДОМЕСТ КОЈ ЌЕ ОВОЗМОЖИ ЕДНАКОВ ПРИСТАП ЗА СИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ. ОВОЈ ПРОЕКТ, КОЈ ВО ЦЕЛОСТ Е ИЗРАБОТЕН ОД ОПШТИНСКИТЕ СЛУЖБИ, Е ДЕЛ ОД НАШАТА ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ГРИЖАТА ЗА ПОСТАРАТА ПОПУЛАЦИЈА.

КАКО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, ОСТАНУВАМЕ ПОСВЕТЕНИ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТИ ШТО ДИРЕКТНО ГО ПОДОБРУВААТ ЖИВОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ.

# НАСТАНИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е РАНГИРАНА ВО ЛИСТАТА НА НАЈТРАНСПАРЕНТНИТЕ ОПШТИНИ ВО ДРЖАВАТА, СПОРЕД НАЈНОВОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ (ЦЕА) ЗА БУЏЕТСКА И ДАНОЧНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА ПЕРИОДОТ 2024–2025 ГОДИНА.

СОЗДАДОВМЕ ДОВЕРБА, А ПРЕКУ ДОВЕРБАТА, НАПРЕДОК И ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Интензитет на даночна транспарентност кај ЕЛС за 2024-2025

| Многу висок | | Висок степен | | Среден степен | | Низок степен | | Многу низок | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Демир Хисар | 83% | Битола | 79% | Ново Село | 58% | Арачиново | 38% | Шуто Оризари | [illegible] |
| Аеродром | 83% | Прилеп | 79% | Радовиш | 58% | Студеничани | 38% | Дојран | [illegible] |
| Кисела Вода | 83% | Бутел | 79% | Кратово | 58% | Чучер Сандево | 38% | Тетово | [illegible] |
| Крива Паланка | 83% | Боговиње | 79% | Маврово и Ростуше | 58% | Босилово | 38% | Петровец | [illegible] |
| Велес | 83% | Македонски Брод | 79% | Демир Капија | 58% | Ранковце | 38% | Росоман | [illegible] |
| Кавадарци | 83% | Ресен | 75% | Делчево | 58% | Лозово | 38% | Сарај | [illegible] |
| Берово | 83% | Гевгелија | 75% | Македонска Каменица | 58% | Долнени | 33% | | |
| Карбинци | 83% | Центар Жупа | 75% | Кривогаштани | 54% | Липково | 33% | | |
| | | Пробиштип | 75% | Могила | 54% | Јегуновце | 33% | | |
| | | Карпош | 71% | Богданци | 54% | Теарце | 33% | | |
| | | Струмица | 71% | Градско | 54% | Неготино | 29% | | |
| | | Свети Николе | 71% | Зрновци | 54% | Чаир | 21% | | |
| | | Гази Баба | 67% | Вевчани | 54% | | | | |
| | | Град Скопје | 67% | Струга | 54% | | | | |
| | | Илинден | 67% | Конче | 50% | | | | |
| | | Кочани | 67% | Чашка | 50% | | | | |
| | | Кичево | 67% | Пехчево | 50% | | | | |
| | | Охрид | 67% | Чешиново-Облешево | 50% | | | | |
| | | Крушево | 63% | Штип | 50% | | | | |
| | | Центар | 63% | Дебрца | 50% | | | | |
| | | Валандово | 63% | Ѓорче Петров | 46% | | | | |
| | | Василево | 63% | Желино | 46% | | | | |
| | | Куманово | 63% | Пласница | 46% | | | | |
| | | Брвеница | 63% | Новаци | 42% | | | | |
| | | Виница | 63% | Зелениково | 42% | | | | |
| | | Дебар | 63% | Сопиште | 42% | | | | |
| | | | | Старо Нагоричане | 42% | | | | |
| | | | | Врапчиште | 42% | | | | |
| | | | | Гостивар | 42% | | | | |

ПОЧИТУВАНИ МЛАДИ,
УНДП ЈА ЛАНСИРА „АКАДЕМИЈАТА ЗА ИДНИНАТА НА РАБОТАТА" – ШЕСТНЕДЕЛНА ОНЛАЈН ПРОГРАМА ЗА МЛАДИ. СЕ ОЧЕКУВА 150 УЧЕСНИЦИ ОД РЕГИОНОТ ДА ЗЕМАТ УЧЕСТВО ВО ПРОГРАМАТА.
СИТЕ ДЕТАЛИ СЕ ВО ПРИЛОЖЕНИОТ ДОКУМЕНТ И НА СЛЕДНИОТ ЛИНК: HTTPS://WWW.UNDP.ORG/EURASIA/UNDPS-FUTURE-WORK-ACADEMY

U N D P

ИСТОРИСКИ МОМЕНТ ЗА КАВАДАРЦИ!
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОЈА ПОСТОЈАНО ВЛОЖУВА ВО МЛАДИТЕ, ОВАА ГОДИНА ГО ЗАПОЧНУВА ПРОЕКТОТ ШТО ЌЕ ГО ПРОМЕНИ ЖИВОТОТ НА МЛАДИТЕ ВО ГРАДОТ!
ЗА ПРВПАТ, ЌЕ СЕ ОТВОРИ МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР СО ВАКОВ КАПАЦИТЕТ, МОДЕРНОСТ И ФУНКЦИОНАЛНОСТ, ПРОСТОР КАКОВ ШТО ДОСЕГА НЕМАЛО ВО НАШИОТ КРАЈ!
ЦЕНТАРОТ ЌЕ БИДЕ СМЕСТЕН НА ПОВРШИНА ОД 900М2 НА ВТОРОТО НИВО ОД НОВИОТ ДЕЛОВНО ТРГОВСКИ КОМПЛЕКС СО ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 7200М2 ОБЈЕКТ КОЈ ЌЕ ИМПРЕСИОНИРА СО СВОЈОТ СОВРЕМЕН АРХИТЕКТОНСКИ ДИЗАЈН И ВРВНИ УСЛОВИ.
ОВА НОВО КАТЧЕ ЌЕ ПОНУДИ БОГАТА ПРОГРАМА ЗА МЛАДИТЕ:
КРЕАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ И УМЕТНИЧКИ ИЗЛОЖБИ
КОНЦЕРТИ, НАСТАНИ И КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ
ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И ОБУКИ
ПРОСТОРИ ЗА ДРУЖЕЊЕ, ТИМСКА РАБОТА И ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ
РЕКРЕАТИВНИ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ
ПРОЕКТОТ ПРЕДВИДУВА И ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ НА СЕКОЕ НИВО, КАКО И 64 ПАРКИНГ МЕСТА, ОД КОИ ДВА ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДИТЕТ, ШТО ЗНАЧИ ЛЕСЕН ПРИСТАП ЗА СИТЕ.
СО ОВАА ИНВЕСТИЦИЈА, КАВАДАРЦИ НА ЛОКАЦИЈАТА КОЈА БЕШЕ НЕФУНКЦИОНАЛНА ГРАДБА ОД 80 -ТИТЕ ГОДИНИ, СЕГА ДОБИВА ПРОСТОР КОЈ ЌЕ ИНСПИРИРА, ОБЕДИНУВА И ЌЕ ЈА ПОТТИКНУВА МЛАДИНСКАТА ЕНЕРГИЈА.
ОВА НЕ Е САМО ЗГРАДА, ОВА Е СРЦЕТО НА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ!

# НАСТАНИ

МАГИЧНА ВЕЧЕР СО ЛАБУБУ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД
ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД БЕШЕ ПРЕПОЛН СО РАДОСТ, НАСМЕВКИ, ПЕСНА И ИГРА КАКО ДЕЛ ОД НЕЗАБОРАВНОТО КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025.
НАСМЕВКИ, ЕНЕРГИЈА И УБАВИ МОМЕНТИ ЗА ПАМЕТЕЊЕ!





БОЕМСКАТА УЛИЦА ПОВТОРНО ГО РАЗБУДИ КАВАДАРЦИ!
ВО ВИНСКИ МУЗЕЈ КАВАДАРЦИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ВИНОТЕК, А ВО РАМКИ НА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025, ОЖИВЕА БОЕМСКИОТ ДУХ.
СТАРОГРАДСКАТА МУЗИКА, ВКУСНАТА ХРАНА И ДОБРОТО ВИНО СОЗДАДОА АТМОСФЕРА ЗА УЖИВАЊЕ И ДРУЖЕЊЕ
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ВО КАВАДАРЦИ БЕШЕ ПОЛН СО ДЕТСКА СМЕА И ЅВОНЛИВИ АПЛАУЗИ!
ВО РАМКИ НА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025 НАЈМЛАДИТЕ ГЛЕДАЧИ СО ШИРОКО ОТВОРЕНИ ОЧИ ЈА СЛЕДЕА ПРОЕКЦИЈАТА НА ФИЛМОТ „БИБИ И БОБИ“.
РАДОСНИ ЛИЦА И МАГИЈАТА НА ФИЛМСКОТО ПЛАТНО ЈА ПРЕТВОРИЈА ОВАА ВЕЧЕР ВО ВИСТИНСКА БАЈКА ПОД ОТВОРЕНО НЕБО.





КАВАДАРЦИ БЕШЕ ВО ЗНАКОТ НА ДЕТСКАТА РАДОСТ И СПОРТСКИОТ ДУХ!
ВО РАМКИ НА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025, СЕ ОДРЖАА СПОРТСКИ ИГРИ, НАСТАН ИСПОЛНЕТ СО СМЕА, ЕНЕРГИЈА И МНОГУ ПРИЈАТЕЛСКИ НАТПРЕВАРИ.
МАЛИТЕ СПОРТИСТИ ИМАА МОЖНОСТ ДА УЧЕСТВУВААТ ВО РАЗЛИЧНИ ДИСЦИПЛИНИ, ДА ГИ ПОКАЖАТ СВОИТЕ ВЕШТИНИ, НО И ДА СТЕКНАТ НОВИ ПРИЈАТЕЛСТВА. КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО ПРОДОЛЖУВА СО УШТЕ МНОГУ ИНТЕРЕСНИ НАСТАНИ – ОСТАНЕТЕ СО НАС И БИДЕТЕ ДЕЛ ОД ЛЕТНАТА МАГИЈА ВО НАШИОТ ГРАД!





# НАСТАНИ

УШТЕ ЕДНА БАЈКОВИТА НОЌ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД.
ОБОЈ ГИ МОИТЕ ОМИЛЕНИ ЛИКОВИ ОД БАЈКИТЕ. УШТЕ ЕДНА ВЕЧЕР ОД КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО ИСПОЛНЕТА СО МНОГУ ЗАБАВА И ДЕТСКИ НАСМЕВКИ





КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025!
СО ЉУБОВ ЗА КАВАДАРЦИ




18.Г УСПЕШНА ПРОМОЦИЈА НА КНИГАТА „ТРОШКА НАДЕЖ“ ВО РАМКИ НА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025
ВО ДОМОТ НА КУЛТУРА ВО КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА ПРОМОЦИЈАТА НА КНИГАТА „ТРОШКА НАДЕЖ“, ДЕЛО НА МЛАДА АВТОРКА – ГЛАС НА НАДЕЖНАТА МЛАДИНА. СО ОВОЈ НАСТАН, КАВАДАРЦИ УШТЕ ЕДНАШ ЈА ПОКАЖА СВОЈАТА ЉУБОВ КОН ЛИТЕРАТУРАТА И ПОДДРШКАТА ЗА МЛАДИТЕ АВТОРИ КОИ НОСАТ СВЕЖИНА И СВЕТЛИНА НА НАШАТА КУЛТУРНА СЦЕНА






ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ВО КАВАДАРЦИ ВЕЧЕРВА БЕШЕ ИСПОЛНЕТ СО ЗВУЦИТЕ НА ГОСПЕЛ, БЛУЗ И Р’Н’Б. ГРУПАТА „АДОНАИ БЕНД“ ОД ХРВАТСКА НАСТАПИ ПРЕД КАВАДАРЕЧКАТА ПУБЛИКА ВО РАМКИТЕ НА „КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025“.
СО ЉУБОВ ЗА КАВАДАРЦИ!





КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025!
ОВА ЛЕТО КАВАДАРЦИ ЖИВЕЕ ВО РИТАМОТ НА СПОРТОТ, МУЗИКАТА И ДОБРАТА ЕНЕРГИЈА!
ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ДЕНЕС И ВО ЧЕТВРТОК НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД СЕ ОДРЖУВААТ ВОЗБУДЛИВИ STREET BASKET НАТПРЕВАРИ!
ТУРНИРОТ ГО ОТВОРИЈА „КАВАДАРЕЧКИ СРЦА" – ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ.
ОВАА ГОДИНА УЧЕСТВУВААТ 10 ЕКИПИ, ПОДГОТВЕНИ ЗА ПОБЕДА И ЗАБАВА!
ВЕЧЕРВА ЗАПОЧНА ТУРНИРОТ, А ЗА НАЈДОБРИТЕ СЛЕДУВААТ И ПАРИЧНИ НАГРАДИ:
ПРВО МЕСТО – 8.000 ДЕН.
ВТОРО МЕСТО – 6.000 ДЕН.
ТРЕТО МЕСТО – 4.000 ДЕН.
СПОРТ, ДРУЖЕЊЕ И УРБАНА ЕНЕРГИЈА.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





ЗАВРШИЈА СТРИТ БАСКЕТ НАТПРЕВАРИТЕ КОИ СЕ ОДРЖАА ОВИЕ ДВА ДЕНА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД, ВО РАМКИ НА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025!
I МЕСТО НАЈС КАФЕ
II МЕСТО ОВР КАВАДАРЦИ
III МЕСТО МАНАС КОМЕРЦ
НАЈДОБАР СТРЕЛЕЦ ВО ШУТ ЗА ТРИ ПОЕНИ Е ЈОВАН ЈОВАНОВ, А УЧЕСТВУВАА И ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВАСКО РОСОМАНСКИ И РАДЕ ПАНОВ.
ГОЛЕМА ПОСЕТЕНОСТ, ЗАДОВОЛНА ПУБЛИКА И НАЈВАЖНО ЗАДОВОЛНИ ИГРАЧИ!
КАВАДАРЦИ Е СПОРТСКИ ГРАД!
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ДЕКАНОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ, ВЛАТКО НЕДЕЛКОВСКИ ИСТАКНАА ДЕКА ПРОЕКТОТ „СОСТОЈБАТА НА ФИЗИЧКИОТ ФИТНЕС, НУТРИТИВНИОТ СТАТУС И СТАТУСОТ НА СТАПАЛАТА КАЈ ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ" КОЈ СЕ СПРОВЕДЕ ВО СИТЕ ОПШТИНСКИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕШЕ УСПЕШНО СПРОВЕДЕН И ИСТИОТ ОПФАТИ 1.460 УЧЕНИЦИ ОД ВТОРО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ.
ЦЕЛТА НА ПРОЕКТОТ БЕШЕ СЛЕДЕЊЕ НА ФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА, ИНФОРМИРАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ЗА ЕВЕНТУАЛНИ ПРОБЛЕМИ И ОТКРИВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ПРЕДИСПОЗИЦИИ. ПОДАТОЦИТЕ ОД МЕРЕЊАТА ЌЕ БИДАТ ДОСТАПНИ ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД ЕЛЕКТРОНСКИ, А ЗА ПРИСТАПОТ ДО ИСТИТЕ ЌЕ БИДАТ ИЗВЕСТЕНИ РОДИТЕЛИТЕ.





# НАСТАНИ

ЗАЕДНИЧКИ САЕМ НА ОТЧЕТ ЗА ЧЕТИРИГОДИШНИОТ МАНДАТ НА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ ОД ВМРО-ДПМНЕ!
КАВАДАРЦИ ДЕНЕС Е ПОВЕЌЕ ОД ГРАД, ТОА Е НАШ ЗАЕДНИЧКИ УСПЕХ. ЗАЕДНО ИЗГРАДИВМЕ МОДЕРНА, ЗЕЛЕНА И УРБАНА ЗАЕДНИЦА КОЈА ЖИВЕЕ СО ДОВЕРБА, РЕД И ВИЗИЈА. НОВИ УЛИЦИ, ПАРКОВИ, СПОРТСКИ САЛИ, ГРАДИНКИ, КУЛТУРНИ ПРОСТОРИ И ЕКОЛОШКИ ПРОЕКТИ ГО ПРАВАТ ГРАДОТ МЕСТО ЗА ГОРДОСТ, РАЗВОЈ И ИДНИНА ЗА СИТЕ.
СЕКОЈ ПРОЕКТ, СЕКОЈА УЛИЦА И СЕКОЈА ДЕТСКА НАСМЕВКА ГИ ПОКАЖУВААТ РЕЗУЛТАТИТЕ НА НАШАТА ПОСВЕТЕНОСТ. БЛАГОДАРНОСТ ДО СИТЕ КОИ ДАДОА ПОДДРШКА, ВЛОЖИЈА ТРУД И ЈА ВРАТИЈА ДОВЕРБАТА ВО ЈАВНИТЕ УСЛУГИ.
КАВАДАРЦИ РАСТЕ, КАВАДАРЦИ НАПРЕДУВА И ЗАСЛУЖУВА УШТЕ ПОВЕЌЕ.





24 ГОДИНИ ЕДИНИЦА ЗА БРЗО РАСПОРЕДУВАЊЕ- ЦЕНТРАЛНА ПРОСЛАВА КАВАДАРЦИ!
НА НАСТАНОТ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ МУ БЕШЕ ВРАЧЕНА БЛАГОДАРНИЦА ЗА КОЈА ИМАШЕ И СВОЕ ОБРАЌАЊЕ ВО КОЕ ЈА ИСТАКНА БЛАГОДАРНОСТА ЗА УКАЖАНАТА ЧЕСТ.
"СОРАБОТКАТА ШТО ЈА НЕГУВАМЕ КАКО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА СО ОВИЕ ИНСТИТУЦИИ Е ОД ИСКЛУЧИТЕЛНА ВАЖНОСТ – ДЕНЕС, НО И ВО ИДНИНА.
ОГРОМНА БЛАГОДАРНОСТ ДО ПРЕМИЕРОТ ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ, МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ПАНЧЕ ТОШКОВКИ, ДИРЕКТОРОТ НА БЈБ ЈАНЕВ И ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА СИТЕ ОСТАНАТИ ИНСТИТУЦИИ, БЛАГОДАРЕНИЕ НА КОИ КАВАДАРЧАНИ ИМАА МОЖНОСТ ДА ЈА ВИДАТ ОПРЕМАТА ШТО НЕ СЕ СРЕЌАВА СЕКОЈДНЕВНО, ВО РАМКИ НА КАРАВАНОТ „ДО ВАС, ЗА ВАС".
НАШИТЕ СОГРАЃАНИ УЖИВАА ВО ЕДУКАТИВНИ И ИНТЕРАКТИВНИ АКТИВНОСТИ НАСОЧЕНИ КОН ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛОТ, ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА БЕЗБЕДНОСТ. БЕЗБЕДНОСТА Е ЗАЕДНИЧКА ОДГОВОРНОСТ, А ТОКМУ ВАКВИТЕ НАСТАНИ ПРИДОНЕСУВААТ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОСИГУРНА И ПОСИЛНА ЗАЕДНИЦА.
ЦЕЛТА Е КАПАЦИТЕТИТЕ, ЗНАЕЊЕТО, ТЕХНИКАТА И ОПРЕМАТА СО КОИ РАСПОЛАГА МАКЕДОНСКАТА ПОЛИЦИЈА И ЕДИНИЦАТА ЗА БРЗО РАСПОРЕДУВАЊЕ ДА СЕ ДОБЛИЖАТ ДО ГРАЃАНИТЕ. НА ТОЈ НАЧИН, ТИЕ ПОДОБРО ЌЕ ГИ ЗАПОЗНААТ ЛУЃЕТО КОИ СЕ ГРИЖАТ ЗА НИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ – ТИВКИТЕ ХЕРОИ НА НАШИТЕ ГРАДОВИ И НА ЦЕЛАТА ДРЖАВА, КОИ ДОДЕКА НИЕ СПИЕМЕ, СТОЈАТ НА ПРВАТА ЛИНИЈА НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА." - ИСТАКНА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.









## НОВИ МЕЃУНАРОДНИ ОБРАЗОВНИ ИСКУСТВА ВО УЧИЛИШТЕТО ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ОД КАВАДАРЦИ

ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ОД КАВАДАРЦИ, КАКО ДОБИТНИК НА АКРЕДИТАЦИЈА ЗА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ПРЕКУ ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС ПЛУС ФИНАНСИРАНО ОД МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И МОБИЛНОСТ, РЕАЛИЗИРА ГОЛЕМ БРОЈ НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ОДВИВАА ВО ТЕКОТ НА ЦЕЛАТА УЧИЛИШНА ГОДИНА: ГРУПНА МОБИЛНОСТ НА УЧЕНИЦИ ВО ИСТАНБУЛ, ТУРЦИЈА, ПОСЕТА НА КУРС ЗА ПРИМЕНА НА НОВИ МЕТОДИ ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО ТРОГИР, ХРВАТСКА И ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО МАЛТА, КАКО И СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И ПРЕДАВАЊЕ ВО ПАРНЕР УЧИЛИШТАТА ВО ПОРТУГАЛСКИТЕ ОСТРОВИ АЗОРС И МАДЕИРА.

ЧЕТИРИНАЕСЕТ УЧЕНИЦИ И ЧЕТИРИ НАСТАВНИЦИ ИМАА МОЖНОСТ ДА ПРИСУСТВУВААТ НА НАСТАВА ВО УЧИЛИШТЕ ВО ГРАДОТ ИСТАНБУЛ, ТУРЦИЈА КАДЕ ЗАЕДНО СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ТУРСКОТО УЧИЛИШТЕ ИМАА МОЖНОСТ ДА НАУЧАТ МНОГУ РАБОТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ТУРЦИЈА, ДА НАПРАВАТ СПОРЕДБА СО НАШИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ И ДА ГО СПОДЕЛАТ НАУЧЕНОТО СО НИВНИТЕ ВРСНИЦИ ВО НИВНОТО УЧИЛИШТЕ ПО ВРАЌАЊЕТО ДОМА. УЧЕНИЦИТЕ ИМАА МОЖНОСТ ДА ПОСЕТАТ ГОЛЕМ БРОЈ ИСТОРИСКИ ЗНАМЕНИТОСТИ ПРИ ШТО СЕ ЗАПОЗНАА СО ТУРСКАТА КУЛТУРА И ОБИЧАИ, ШТО ЗА НИВ БЕШЕ ЕДНО НЕЗАБОРАВНО НЕСЕКОЈДНЕВНО ИСКУСТВО. КАКО ДЕЛ ОД СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ, УЧЕНИЦИТЕ ЗЕМАА УЧЕСТВО ВО ПОВЕЌЕ СПОРТСКИ ИГРИ СО ШТО СЕ ЗАПОЗНАА УШТЕ ПОДОБРО СО НИВНИТЕ ВРСНИЦИ И НАУЧИЈА МНОГУ РАБОТИ ВО ВРСКА СО НИВНАТА КУЛТУРА И ОБИЧАИ.

ТРОЈЦА НАСТАВНИЦИ ПОСЕТИЈА КУРС ВО ХРВАТСКА ЗА ПРИМЕНА НА ИКТ АЛАТКИ ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС КАКО И УПОТРЕБА НА НОВИ НАСТАВНИ МЕТОДИ ВО НАСТАВАТА СО КОИ УЧИЛНИЦАТА ЌЕ СТАНЕ МОДЕРНО МЕСТО ИНТЕРЕСНО ЗА УЧЕНИЦИТЕ, КАДЕ ТИЕ ЌЕ БИДАТ МОТИВИРАНИ ДА СЕ СТЕКНАТ СО НОВИ ЗНАЕЊА. НАСТАВНИКОТ СЕ ЗАПОЗНА СО УЧЕСНИЦИ ОД РАЗНИ ЗЕМЈИ КОИ ГИ ПРЕЗЕНТИРАА НАЈНОВИТЕ ДОСТИГНУВАЊА ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС КОИ УСПЕШНО МОЖЕ ДА СЕ ПРИМЕНТА ВО НАСТАВАТА. ТРОЈЦА НАСТАВНИЦИ БЕА НА ОБУКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО НОВИ ЈАЗИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ НА ОРГАНИЗИРАН ЈАЗИЧЕН КУРС ЗА НАСТАВНИЦИ ВО МАЛТА, КАДЕ НАСТАВНИЦИТЕ ОД УЧИЛИШТЕТО УСВОИЈА КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАЗИЧНИ ВЕШТИНИ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК. БЕШЕ ОДБРАНО ТОКМУ ОВА УЧИЛИШТЕ БИДЕЈЌИ МАЛТА ДОЛГИ ГОДИНИ БЕШЕ АНГЛИСКА КОЛОНИЈА И НА ОСТРОВОТ СЕ УШТЕ Е ПРИСУТНА ТРАДИЦИЈАТА ЗА ИЗУЧУВАЊЕ НАПОРЕДНО СО МАЛТЕШКИОТ И НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК, БИДЕЈЌИ ИМА ГОЛЕМ БРОЈ НА УЧИЛИШТА КОИ НУДАТ РАЗНИ КУРСЕВИ ЗА ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК, ВО ЗАВИСНОСТ ОД НИВОТО НА ЈАЗИЧНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ. ЕДНА ГРУПА НАСТАВЕН КАДАР ПОСЕТИЈА ПАРТНЕР УЧИЛИШТА ВО ПОРТУГАЛСКИТЕ ОСТРОВИ АЗОРС И МАДЕИРА КАДЕ ИМАА МОЖНОСТ ДА СЕ ЗАПОЗНААТ СО РАБОТАТА НА ОВИЕ УЧИЛИШТАТА И ДА РАЗМЕНАТ ИСКУСТВА И НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ КОИ ЌЕ МОЖАТ ДА ГИ ПРИМЕНАТ НА СВОЕТО РАБОТНО МЕСТО.

СИТЕ ОВИЕ МОБИЛНОСТИ СЕ НЕЗАБОРАВНИ ИСКУСТВА КОИ УЧЕСНИЦИТЕ ЌЕ ГИ ПАМТАТ ДОЛГО И СО КОИ КЕ ГИ ПОДОБРАТ СВОИТЕ ОБРАЗОВНИ, ЈАЗИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ, СТЕКНУВАЈЌИ ДОЛГОТРАЈНИ ПРИЈАТЕЛСТВА КОИ ЌЕ ТРААТ ДОЛГО И ПОСЛЕ ЗАВРШУВАЊЕТО НАПРОЕКТОТ. АКРЕДИТАЦИЈАТА НА УЧИЛИШТЕТО ПРОДОЛЖУВА И ВО НАРЕДНИТЕ ГОДИНИ. СЕ НАДЕВАМЕ НА СЛИЧНИ ИСКУСТВА ВО УШТЕ ПОГОЛЕМ ОБЕМ ВО ТЕКОТ НА НАРЕДНИТЕ ДВЕ ГОДИНИ

ПРЕЗЕНТИРАН ОТЧЕТОТ ЗА ЧЕТИРИГОДИШНИОТ МАНДАТ




КАВАДАРЦИ ДЕНЕС НЕ Е САМО ГРАД – ТОА Е НАША ЗАЕДНИЧКА ПРИКАЗНА ЗА УСПЕХ, РЕЗУЛТАТ НА ПОСВЕТЕНОСТ, РАБОТА И ВИЗИЈА. ЗАЕДНО СОЗДАДОВМЕ НОВО, СОВРЕМЕНО, ЕВРОПСКО КАВАДАРЦИ – ГРАД КОЈ ДИШЕ СО ПОЛНИ ГРАДИ, ГРАД КОЈ ЧЕКОРИ САМОУВЕРЕНО НАПРЕД И СЕКОЈДНЕВНО ЈА ПОТВРДУВА СВОЈАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА. ЗАЕДНО СО ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ИНСТИТУЦИИТЕ, БИЗНИС-СЕКТОРОТ, И ПРЕД СÈ СО ВАС – ГРАЃАНИТЕ, СОЗДАДОВМЕ ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ КОЈ ДЕНЕС РАБОТИ БЕСПРЕКОРНО. ТОКМУ ОВАА СИНЕРГИЈА Е НАЈГОЛЕМАТА СИЛА НА КАВАДАРЦИ. ДЕНЕС, КАВАДАРЦИ Е УРБАН, ЗЕЛЕН, МОДЕРЕН И ИНФРАСТРУКТУРНО УРЕДЕН ГРАД: СО НОВИ УЛИЦИ, СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ, УЧИЛИШТА, КУЛТУРНИ ПРОСТОРИ, СО БЕЗБЕДНА И ЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА И УСЛОВИ ДОСТОЈНИ ЗА НАЈВИСОКИ ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ. ГРАД КОЈ ГИ ЗАДРЖУВА МЛАДИТЕ, ГИ ОХРАБРУВА СПОРТСКИТЕ ТАЛЕНТИ, ГИ ОТВОРА ВРАТИТЕ ЗА КУЛТУРНИ НАСТАНИ И ПРИВЛЕКУВА ИНВЕСТИЦИИ.

СО НОВИ ПАРКОВИ, ВЕЛОСИПЕДСКИ И ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ, ЕКОЛОШКИ ПРОЕКТИ ЗА ЗАШТИТА НА ВОДАТА И ВОЗДУХОТ, МОДЕРНИЗИРАНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ПОШИРОКА УПОТРЕБА НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА, КАВАДАРЦИ СТАНА ПРИМЕР КАКО МОЖЕ ДА СЕ ГРАДИ ЗЕЛЕНА И ЗДРАВА ИДНИНА. СО ИЗГРАДЕНИ И РЕКОНСТРУИРАНИ СПОРТСКИ САЛИ, СО НОВ БАЗЕН И СПОРТСКИ ЦЕНТРИ, МЛАДИТЕ ДОБИЈА УСЛОВИ ДОСТОЈНИ ЗА ТРЕНИНГ, РАЗВОЈ И УСПЕСИ. СО НОВИ ГРАДИНКИ, УЧИЛИШНИ ПРОГРАМИ И БЕСПЛАТЕН ОБРОК ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ, ИНВЕСТИРАВМЕ ВО НАЈВАЖНОТО – ВО НАШАТА ИДНИНА.

ОВАА КНИГА НАСЛОВЕНА ОТЧЕТ ЗА ЧЕТИРИГОДИШНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

HTTPS://KAVADARCI.GOV.MK/.../FILES/ALFA/DOC/OTCET-2025.PDF

УРЕДЕНА Е ВНИМАТЕЛНО, И ОПФАТЕНИ СЕ СИТЕ ПРОЕКТИ НА КОИ СЕ РАБОТЕШЕ ВО ИЗМИНАТИТЕ ГОДИНИ. ОВАА КНИГА ЌЕ БИДЕ ДИСТРИБУИРАНА ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ ДО ВАС ДРАГИ КАВАДАРЧАНИ.

ОНАМУ КАДЕ ШТО НЕКОГАШ ИМАШЕ ДУПКИ, ДЕНЕС ИМА АСФАЛТИРАНИ УЛИЦИ. ОНАМУ КАДЕ ШТО ИМАШЕ МРАК, ДЕНЕС ИМА ОСВЕТЛЕНИ БУЛЕВАРИ. ОНАМУ КАДЕ ШТО ИМАШЕ ИМПРОВИЗАЦИЈА, ДЕНЕС ИМА ЈАСЕН СИСТЕМ, РЕД И ТРАНСПАРЕНТНОСТ. И НЕ СТАНУВА ЗБОР САМО ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА, ИНФРАСТРУКТУРА И ВОЗИЛА. СТАНУВА ЗБОР ЗА ДОВЕРБАТА ШТО ЈА ВРАТИВМЕ КАЈ ГРАЃАНИТЕ, ЗА ТОА ШТО ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ОДНОВО СТАНАА СЕРВИС ВО ВИСТИНСКА СМИСЛА НА ЗБОРОТ, УСЛУГА ШТО СЕ ЧУВСТВУВА СЕКОЈДНЕВНО, НА УЛИЦА, ВО СЕКОЈ ДОМ.

КАВАДАРЦИ ДЕНЕС НЕ САМО ШТО ЧЕКОРИ, ТУКУ ТРЧА ВО ЧЕКОР СО СОВРЕМЕНИТЕ ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ. ОВИЕ РЕЗУЛТАТИ НЕ СЕ САМО БРОЈКИ И ИЗВЕШТАИ, ТИЕ СЕ ИНВЕСТИЦИЈА ВО ДОСТОИНСТВЕН, УРЕДЕН И СИГУРЕН ЖИВОТ ЗА СЕКОЈ НАШ СОГРАЃАНИН. ТОА Е ДОКАЗ ДЕКА КОГА ВИЗИЈАТА ЌЕ СЕ ПРЕТВОРИ ВО РАБОТА, ГРАДОТ РАСТЕ, ГРАЃАНИТЕ ДОБИВААТ ИДНИНА КАКВА ШТО ЗАСЛУЖУВААТ, А КАВАДАРЦИ СТАНУВА ПРИМЕР КАКО СЕ ГРАДИ ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ВО СЛУЖБА НА НАРОДОТ.

ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ДО СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ДО КОМПАНИИТЕ КОИ НИ ДАВАА ПОДДРШКА, ДО СЕКОЈ СЛУЖБЕНИК И ПАРТНЕР, И НАЈМНОГУ ДО ВАС, ДРАГИ СОГРАЃАНИ.

ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ДО ДИРЕКТОРИТЕ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА ПОСВЕТЕНОТО РАБОТЕЊЕ , ДО РАКОВОДИТЕЛИТЕ ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КАКО И ДО СИТЕ ВРАБОТЕНИ ЗА НЕУМОРНОТО ПОСВЕТЕНО РАБОТЕЊЕ. ВАШАТА ДОВЕРБА, ВАШИТЕ ИДЕИ И ВАШАТА КРИТИКА БЕА ДВИЖЕЧКА СИЛА ЗА СЕКОЈ НОВ ПРОЕКТ.



КАВАДАРЦИ РАСТЕ. КАВАДАРЦИ НАПРЕДУВА. КАВАДАРЦИ ЗАСЛУЖУВА УШТЕ ПОВЕЌЕ.

ЗА КАВАДАРЦИ! СЕКОГАШ НА ПРВО МЕСТО.

Од срце за ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци/FC Tikves 1930 Kavadarci . Храбро момци, за нова победничка сезона.





Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова
Сузана Шалева
Ивона Чачкова
Дизајн: Петре Здравков
Насловна форографија: БИКОВ
**Печати:** печатница Арт Принт Студио
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**